# CT 84

## EXPRESS PLUS

CERESIT C_CT84_TDS_1_0524

## Експрес PU лепак за изолациски плочи

**Еднокомпонентен полиуретански лепак за лепење на EPS & XPS & MW плочи во ETICS системите и различни видови на изолациски плочи**




### КАРАКТЕРИСТИКИ

- **Покривност:** - 10 m² - 100% повеќе од традиционалните лепила на цементна база
- **15% поголема сила на лепење** во однос на традиционалните лепила на цементна основа
- **Типлување после приближно 2 часа** - ги забрзува активностите за термоизолација, во случај на користење на CT 84 и Ceresit Ceretherm системот, изолациските активности може да се скратат за 5 работни дена

- **Нанесување до 10°C и на висока влажност на воздухот**, посебно се препорачува а работа на ниски температури кога времето за сушење на цементните лепила значително е подолго или невозможно

- **Одличен е за нанесување на ETICS систем над веќе постоечки ETICS систем** - лепење на 1 m² EPS плоча со користење на CT 84 тежи 100 g наспроти 5 kg во случај на лепење со лепак на цементна основа

- **Зголемени термоизолациски својства** - CT 84, за разлика од традиционалните лепила на цементна основа, има термоизолациски својства слични на пенаст полистерен или минерална волна




### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CT 84 е полиуретански лепак кој се користи за лепење експанидиран полистеренски и MW плочи при Ceresit Cerehterm системите за термоизолација на надворешни ѕидови на објекти (ETICS). CT 84 може да се користи за лепење на пенасти полистеренски плочи и плочи од минерална волна за термоизолација на ново ѕидани објекти и стари објекти. Приближно 2 часа после нанесување, изолациските плочи може да се глетуваат и типлуваат, а потоа може да се нанесе арматурен слој користејќи Ceresit CT 80, CT 85, CT 90 или Thermo Universal. CT 84 полиуретанскиот лепак исто така се користи за лепење EPS и XPS пенаст полистерен на подлоги како што се дрво, OSB плочи, стакло, битумен, керамички цигли, бетон, премачкан и поцинкуван челик, гас-бетон, сув и после влијание на вода, гипс картон и за слоевите лепење на експандиран полистерен при нормални и ниски температури во термоизолациските системи. Се користи и за прозорски оквири (после одмастување на површината), за пополнување на празнини помеѓу EPS & XPS плочи, дополнување со лепак во случај ефект на тастер на EPS плочи во постоечки изолациски систем и лепење EPS плочи во случај на завршување на изолација на објект на веќе постоечки изолациски систем "ETICS на ETICS."sistem „ETICS na ETICS“.

### ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Ceresit CT 84 се карактеризира со многу добро лепење на компактни носечки подлоги, како што се ѕидни, гипсани и цементни подлоги без маснотии, прашина и други супстанци кои го намалуваат лепењето. Во случај на ниски температури, подлогите на кои се нанесува CT 84 не би требало да бидат покриени со мраз, лед или снег. Треба да се провери лепењето на постоечките малтери и слоевите фарба. "Шуплиот" малтер треба да се отстрани. Нечистотијата и останатите супстанци кои го намалуваат лепењето треба целосно да се отстранат со средство за чистење кое функционира под притисок. Мувлата и алгите треба д се отстранат со челична четка и на целата површина треба да се нанесе раствор од фунгицид Ceresit CT 99 според техничките упатства. Старите, немалтерисани ѕидови, силно залепените малтери и

премази треба да се исчистат, измијат со млаз вода и да се остават целосно да се исушат. Лепењето на CT 84 на подготвена подлога се проверува со лепење на коцки 10 x 10cm EPS плочи на неколку места и рачно отстранување после 2-4 часа. Носивоста на подлогата е соодветна само кога EPS плочите пукаат на средина.

## НАНЕСУВАЊЕ

**Во композитниот изолациски систем Ceresit Ceretherm.**
Боцат треба интензивно да се протресе неколку секунди, потоа да се отстрани заштитниот капак на вентилот, и боцата со вентил да се сврти нагоре прицврстена на пиштол. **Внимавајте!** Вентилот на пиштолот треба да биде затворен. Со пиштолот прицврстен на боцата, возможно е да го отворите вентилот и да испуштите лепак со притискање. Почетните профили треба да ги фиксирате пред поставување на изолациските плочи. CT 84 треба да се нанесе со пиштол, а боцата треба да ја држите исправено и на растојание помеѓу пиштолот и плочата кое овозможува лепење. Во случај на нанесување на CT 84 во Ceresit Ceretherm системите, треба да се нанесе по надворешните ивици на плочата со растојание од приближно 2 cm од ивицата и една линија долж плочата паралелна со подолгата страна. Во случај на нанесување на CT 84 на темелни површини треба да се нанесат 5 линии долж покрактната страна од плочата со растојание од приближно 2 cm од ивицата. 2-4 минути после нанесувањето на CT 84, наместете ја плочата на ѕид и лесно притиснете со долга летва за порамнување. Рамнината на површината на залепените плочи може да се корегира во следните 20 минути од нивното лепење со долга летва. Висока влажност на воздухот може да предизвика брзо лепење на CT 84.
- Во случај на примена при неповолни временски услови, пр. во период на силен ветар или дожд, задолжително мора да се користи заштита за скеле. Посебно внимание треба да се посвети на заштита на аглите на зграда кога нанесувањето е при силен ветер.
- Свежите дамки од лепак треба да се отстранат со Ceresit TS 100 PU Cleaner средство за чистење или ацетон, а стврднатите остатоци може да се отстраант само механички.
- Кога боцата се отстранува од пиштолот, пиштолот треба да се исчисти со Ceresit TS 100 PU Cleaner средство за чистење.

**Во случај на ефект на тастер на EPS плочи.**
- Во случај на "празен" звук при чистење, изолациските плочи со локални траки треба да се направат преку точки на пробивање при подигнувањето и термоизолациските слоеви со инјектирање на лепило CT 84.

**Во Ceresit Ceretherm Reno системот како "ETICS на ETICS"**
- После чистењето на површината со помош на Ceresit CT 98 (онцентрат за чистење нечистотии) EPS плочите треба да ги прицврстите на постоечка изолација според стандардите за системите за надворешна топлинска изолација Ceresit Ceretherm.

## NAPOMENA

CT 84 содржи супстанци штетни за здравјето. Носете заштитни наочари и ракавици. Во случај на контакт на кожа со свежа пена, веднаш измијте ја пената механички а потоа избришете ги остатоците со масло (масло за салата). Стврднатиот производ може да се отстрани само механички. Не е дозволено да јадете или пушите цигара додека работите; не работете близу активен пламен. Во случај на било каков здравствен проблем, консултирајте општ лекар. Боцата содржи запалив гас, затоа треба да се заштити од извори на топлина со температура над +50°C. Боцата не треба да биде пробушена или да се фрла во оган. Секогаш транспортирајте ја во гепек - никогаш во патувачка кабина. Овој производ не треба да го користите во услови на лоша вентилација освен ако користите заштитна маска со соодветен филтер за гас. Разредувачите кои се наоѓаат во производот испаруваат при обработка и нивното испарување може да предизвика експлозивен и запалив воздух. Да се чува вон дофат на деца. Карактеристиките се наведени во текстот и во Изјавата за карактеристики и перформанси на производот.

## ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Се препорачува употреба на бели или графитни EPS плочи кои ги исполнуваат условите за системи за надворешна изолација на ѕидови (ETICS) во согласност со EN 13136; се препорачува употреба на MW плочи во согласност со EN 13162 со TR ≥ 10 и ламела со TR.

## ПАКУВАЊЕ

Метална боца од 850 ml.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Температура на наесување: | од -10°C до +40°C |
| Влажност на воздухот: | до 100% |
| Површинско време на сушење: | приближно 10min |
| Време на зацврстување: | приближно 2 часа |
| Термоспроводливост: | 0,040 W/mk |
| Лепење за: | |
| Бетон | ≥ 0,08 MPa |
| EPS-плочи | ≥ 0,08 MPa (пука во EPS слој) |
| Mw плочи | ≥ 0,08MPa |
| Керамички цигли | ≥ 0,08 MPa |
| Гас бетон | ≥ 0,08 MPa |
| OSB плочи | ≥ 0,08 MPa |
| Челик | |
| - премачкан | ≥ 0,08 MPa |
| - поцинкуван и | ≥ 0,08 MPa |
| XPS | ≥ 0,08 MPa |
| Битуменски премаз | ≥ 0,08 MPa |
| Дрво | ≥ 0,08 MPa |

Отпорност на оган во согласност со EN 13501-1:
B—s1, d0 во:
Ceresit Ceretherm Popular, Ceresit Ceretherm Classic
Ceresit Ceretherm Premium

Предвидена потрошувачка:

| | |
|---|---|
| - во системите ETICS | приближно10 $m^2$ |
| - при изолација на темели | приближно 14 $m^2$ |

Рок на траење / складирање: Ceresit CT 84 треба да се складира и транспортира во ладни и суви услови и на температура над 5°C.
Рок на траење: до 15 месеци од датумот на производство кој се наоѓа на дното од боцата.

CERESIT C_CT84_TDS_1_0524

Овој производ ги поседува следните референтни документи:
- BBA сертификат бр. 14/5142
- NSAI сертификат бр. 09/0340

- European Technical Assessment (ETA) (Европска техничка оценка) во системите:

| Ceresit Ceretherm sistem | Popular | Classic | Premium |
|---|---|---|---|
| ETA | 08/0309 | 09/0014 | 08/0308 |
| Сертификат | 1488-CPR-0382/Z | 1488-CPR-0439/Z | 1488-CPR-0363/Z |
| DoP | 00426 | 00420 | 00428 |

- Национална техничка проценка во системите:

| Ceresit Ceretherm sistem | Reno |
|---|---|
| NTA | ITB-KOT-2018/0472 wydanie 1 |
| Сертификат | 020-UWB-0895/Z |
| NDoC | 00444 |

Освен на информациите наведени во овој технички лист, важно е да се придржувате и на соодветните насоки и правила на различни организации и компании, како и на соодветни стандарди според Германскиот институт за стандарди (DIN). Наведените карактеристики се врз основа на практични искуства и применети испитувања. За својства и употреби кои не се наведени во овој лист потребна е наша писмена потврда. Сите наведени информации се однесуваат за температура на околината и материјалот од +23°C и 50% релативна влажност на воздухот освен кога не е различно наведено. При други климатски услови стврднувањето на производот може да биде убрзано или успорено.

Наведените информации, посебно препораките за ракување на нашите производи и нивната примена се засноваат на наши стручни сознанија и искуства. Со оглед на тоа дека материјалите и условите на користење може да се разликуваат при секоја примена а нием немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се спроведе соодветен тест за нанесување за да се провери состојбата на производот за начинот на кој се планира да се употреби. Не може да се прифати законска одговорност врз основа на содржината на овој технички лист или усмен совет, освен во случај кога постои доказ за невнимание од наша страна или лоша намера. Овој технички лист ги заменува сите претходни верзии.

CERESIT C_CT84_TDS_1_0524